# Расказни, прашални и извични реченици

1. Одреди каква е реченицата според својата содржина.

На Никола му се допадна играта.

Која задача ти беше најлесна?

Кога  заминаа ластовичките?

Леле, го изгорев јазикот!

Тивко шумолеа брезите во паркот.

Отвори ја вратата!

2. Поврзи ги деловите од речениците, така што да добиеш реченици кои имаат смисла!

| | |
|---|---|
| Уште колку време | боите на есенските лисја. |
| На балконот почнаа | веднаш да застанете! |
| Кога ќе дадам знак | да доаѓаат врапчиња. |
| Каде ја остави | треба да чекам? |
| Многу ми се допаѓаат | книгата што ја читав? |

LIVEWORKSHEETS

3. Напиши прашање според дадениот одговор.

Пет часот и петнаесет минути.

Пепи пие сок од портокал.

Мојата баба се вика Лена.

На масата има чинија со јагоди.

Мојата омилена книга е „Пинокио“.

Вчера бев во Крушево.

4. Од дадените зборови состави реченици и напиши го потребниот интерпункциски знак на крајот од речениците.

ми подаде Марија ја топката

час повеќе Немој на доцниш да

денари килограм Колку е јаболка

светлата Внимавај на семафорот на

ден на паркот Секој прошетка одам во

не Зошто да натпреварот сакаш на одиме



LIVEWORKSHEETS